**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Дејан Костовски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул.„Партизанска“ бр.1 - лок.4,17 / Охрид**
**тел. 046/280-314; 072/302-430;**
**izvrsitel.kostovski@yahoo.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 2524/2025**

Извршителот Дејан Костовски од Охрид, ул.„Партизанска“ бр.1 - лок.4,17 / Охрид врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот - заложен доверител СИЛК РОУД БАНКА АД Скопје со ЕДБ 4030993229939 и ЕМБС 4633148 и седиште на ул.„Даме Груев“ бр.1, засновано на извршната исправа Солемнизација ОДУ бр.475/08 од 18.07.2008 год. на Нотар Сашо Ѓурчиноски Струга и Солемнизација ОДУ бр.582/09 од 17.12.2009 год. на Нотар Сашо Ѓурчиноски Струга, против должникот - заложен должник Друштво за производство трговија и услуги ЛМ СУПЕР ДООЕЛ увоз-извоз с.Мислешево Струга - во стечај со ЕДБ 4026007136670 и ЕМБС 6251749 и седиште во с.Мислешево заст. од стечаен управник Менка Костојчиноска, за спроведување на извршување во вредност од 8.321.277,00 денари на  на ден 03.06.2026 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
### (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижност запишана во **лист „В“ од имотен лист број 97164 - КО Струга:**

- КП бр.1848 дел 3, Адреса (улица и куќен број на зграда) „Маршал Тито“, бр. на зграда/друг објект 1, намена на згр. превземена при конверзија на податоците од страиот ел.систем А2-1, влез 1, кат К 1, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина 61 м2, сопственост,

сопственост на должникот - заложен должник Друштво за производство трговија и услуги ЛМ СУПЕР ДООЕЛ увоз-извоз с.Мислешево Струга - во стечај.

Продажбата ќе се одржи на ден **23.06.2026 година (вторник) во 10:00 часот** во просториите на извршител Дејан Костовски – ул.„Партизанска“ бр.1 локал 4,17 во Охрид.

Почетната вредност на недвижноста за второто усно јавно наддавање, по предлог на доверителот изнесува 3.866.734,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

-налог за извршување врз недвижност И.бр.519/2016 од 09.05.2016 год. на извршител Димитар Стаменков Охрид;

-хипотека ОДУ бр.582/09 од 17.12.2009 год. од нотар Сашо Ѓурчиноски Струга;

-нотарски акт - договор за залог ОДУ бр.268/07 од 26.06.2007 год. на Нотар Сашо Ѓурчиноски Струга;

-нотарски акт – договор за залог ОДУ бр.475/08 од 18.07.2008 год. на Нотар Сашо Ѓурчиноски Струга;

- налог за извршување врз недвижност И.бр.688/2010 од 03.08.2010 год. на извршител Сузана Гилевска Охрид;

- налог за извршување врз недвижност И.бр.564/2010 од 14.09.2010 год. на извршител Марјан Деребан Струга;

-налог за извршување врз недвижност И.бр.2524/2025 од 09.12.2025 година на извршител Дејан Костовски.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на посебната жиро сметка од извршителот Дејан Костовски број 300010000197382 во Комерцијална банка АД Скопје и даночен број 5020022505296, заклучно со 22.06.2026 година, со цел на дознака „гаранција за И.бр.2524/2025“. Доказ за извршена уплата на гаранција е извод од посебната сметка на извршителот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Даноците и другите издатоци во врска со продажбата на недвижноста паѓаат на товар на купувачот.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање „Нова Македонија“ и електронски на веб страницата на Комората на извршители на РСМ.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Дејан Костовски

Д.-на: доверител-заложен доверител
Должник-заложен должник
Општина Струга - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

Recoverable Signature

X

Signed by: Dejan Kostovski

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.